# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Седумдесет и четвртата седница
# на Собранието на
# Република Македонија,
# одржана на 13 мај 2001 година

Седницата бе одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 17,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 74-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Горанчо Лазов, Александар Пандов, Филип Петровски и Илинка Митрева, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 104 пратеници. 102 пратеници кои имаат свои копчиња и двајцата потпретседатели кои седат напред, а немаат копчиња. Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, претседателот на Владата на република Македонија, господин Љубчо Георгиевски, предложените кандидати за министри за состав на новата Влада на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетите "Свети Кирил и Методиј" - Скопје и "Св. Климент Охридски" - Битола, поглаварот на Македонската Православна Црква, претседателот на Исламската Верска Заедница на Република Македонија, Бискупот на Скопско-Призренската бискупија, началникот на Генерал штабот на Армијата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско-конзуларно мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и од ваше име да ги поздравам присутните. За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на нов состав на Влада на Република Македонија;
2. Предлог за именување заменици на министри;
3. Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година, со Предлог на закон.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат да се разгледаат на оваа седница, предлагам предлогот на дневниот ред да не се пополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

107 пратеници гласаа, 105 со копчињата и двајцата потпретседатели, 94 гласаа за, 11 гласаа воздржано, 2 гласаа против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. ...

107 пратеници гласаа, од 95 гласаа за, 9 гласаа воздржано, 3 гласаа против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точка 1.

Избор на нов состав на Влада на Република Македонија.

Предлогот за разрешување членови на Владата и предлогот за состав на Владата на Република Македонија ви се поделени.

Со оглед на тоа што претседателот на Владата предлага разрешување на повеќе од една третина од членовите на Владата од претходниот состав, согласно член 94 став 4, од Уставот на Република Македонија, Собранието ќе одлучува со единствено гласање по предлогот за избор на нов состав на Владата.

Собранието избира Влада со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Влада се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Отворам претрес.

Го молам претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Љубчо Георгиевски да го образложи предлогот за избор на нов состав на Влада.

**ЉУБЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, почитувани великодостојници на Македонските институции, на верските заедници, Ваши екселенции, почитувани министри, дозволете ми, пред самото Експозе, кое верувам дека ќе биде кратко, уште еднаш да ја истакнам мојата длабока болка за изгубените животи на припадниците на силите за безбедност на Република Македонија, кои ја бранеа својата држава од упадот, за жал, од ѕверените терористи, како и сочувство за оние цивили кои го изгубија животот поради активноста на истите групации.

Но, сакам во исто време да ја истакнам мојата гордост и признание на нашите сили на безбедност на борците и на нивните старешини за самопрегорот, патриотизмот, храброста, вештината и професионалноста што ја покажаа во овој период во борбата за одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на државата, како и за безбедноста на животите и имотите на граѓаните.

Почитувани , Република Македонија минува низ тежок испит, можеби и најтежок откога се прогласи нашата независност, Република Македонија се судрува со сили добро организирани, обучени и опремени надвор од нашата држава, со сили кои јавно декларираат да ја уништат државата. Да, наместо правна држава на овој простор да воведат хаос и терор, а се под превезот на некои барања на некој човечки, малцински и други права.

Овој судир Република Македонија не го посакуваше и не го предизвика, нејзе и е наметнат и таа не може да го избегне, туку треба добро да се организира и да победи во него и да ја отстрани опасноста од него и да ја

обезбеди сопственото постоење и сопствената иднина.

Токму затоа ја правиме оваа голема или широка коалиција на политичко единство во земјата. Создавањето на оваа коалиција не е резултат на некој притисок од меѓународниот фактор. Тоа што во поедини фази од договарањата што беа присутни и претставници на меѓународниот фактор зачни само подготвеност на меѓународната заедница и на овој начин да ни помогне во свалувањето на проблемите со кои се соочува земјата, а во исто време одговор на сите оние кои се денеска противници на нашата земја, колкава е поддршката на Меѓународната заедница.

Вистинската причина што ја создаваме оваа широка или голема коалиција за политичко единство во државата е нараснатата свест на политичките партии и барањата на граѓаните да се оставаат настрана секојдневните кошкав и да се создадат општи и политички услови, нашите државни институции да го дадат полниот капацитет и максималната ефикасност. Длабоко сум уверен дека правењето на оваа коалиција ќе остане сериозно запаметена во историското памтење на нашите граѓани, како навистина една голема зрелост на сите политички партии да ги надминат своите лични или партиски интереси и сите заеднички да се обединат во моментот кога нашата држава е пред опасност.

Почитувани пратеници,

Голема е опасноста со која се среќава земјата, огромна е нашата одговорност пред граѓаните и затоа сметам дека ова не е време на долги говори и опширни излагања. Сакам овој пат да ги назначам основните насоки во кои ќе биде ориентирана активноста на оваа Влада на политичкото единство:

Прво, безбедност и стабилизирање на земјата. Ќе извршиме максимални подготовки, политички, организациони, воени, материјални, со кои ќе ја скршиме силата на овој суров непријател на чие дејство сега е изложена земјата. Во тој поглед ќе бидат докрај добро опремени постојните единици на постојните сили, но ќе бидат формирани и нови специјализирани сили за дејство како што е потребно да се разбијат ваквите екстремни групации кои упаѓаат, кои дејствуваат, понекогаш на еден класичен терористички напад, а друг пат нивниот напад изгледа како добро организирана паравојска. За жал, ние немаме друг начин и немаме друга алтернатива, освен со оваа Влада жестоко да се спротивставиме, а впрочем, формирањето на оваа Влада во

која влегуваат сите значајни политички партии во македонскиот Парламент, а е поддржана и од многу вонпарламентарни партии е само гаранција дека ние како политички партии сме доволно зрели да го направиме овој чин, со што терористичките вооружени екстремистички групи ќе останат изолирани во нивните напори.

Второ, сериозно да го интензивираме и да го продолжиме мултиетничкиот дијалог, кој веќе почна под покровителство на претседателот на Републиката, г-дин Трајковски со една агенда која е веќе утврдена од сите политички лидери, меѓутоа, јасно и недвосмислено поддржана и од Европската Унија и од Соединетите Американски Држави. Создавањето на оваа голема коалиција е само една добра можност овој дијалог максимално да го забрзаме и сите учесници во тој дијалог одговорно да се однесуваат кон постигнатиот договор и имплементацијата на тој договор. Едноставно, тоа е исто така дел од мерките со кои ние го изолираме тероризмот, екстремизмот, паравоените формации и со кои јасно укажуваме сите заеднички дека институциите на македонскиот систем се единственото место каде што сите права можат да се бараат и да се дискутира за нив. Во таа насока, посебно сакам да го истакнам моментот на влегувањето на двете албански политички партии во оваа Влада, со оглед на фактот дека веќе декларациите на таканаречената ОНА се многу јасни, а тоа е дека тие не ги признаваат овие две политички партии и не го признаваат дијалогот кој тие ќе го водат со останатите македонски политички партии. Сметам дека цврстината на сите политички сили јасно да влезат во оваа коалиција и овде да го водат дијалогот е навистина чин, кој сите ние треба да го поздравиме.

Трето, една од главните задачи на оваа Влада ќе биде со едно широко политичко разбирање да го усвоиме изборното законодавство и да воведеме изборни механизми, кои ќе овозможат крајно почитување на изразената волја на граѓаните во фер и демократски избори. Значи, една од основните задачи на оваа Влада е покрај реформите и покрај промената на изборното законодавство, да организираме предвремени и фер избори во Република Македонија во кои сите граѓани ќе се чувствуваат сигурно, меѓутоа, сите политички партии, а исто така, верувам, дека тоа ќе биде поддржано и од Меѓународната заедница.

Четврто, и покрај тоа што претходните задачи ќе бидат многу интензивни и голем дел од времето да се посвети токму на првите три задачи, јас во ова експозе сакам само да спомнам дека ние не смееме да заборавиме на наши две големи обврски, а тоа е Договорот со Европската Унија за асоцијација и стабилизација, Договор од кои произлегуваат многу конкретни и јасни обврски и на оваа Влада и на овој Парламент и на сите ние кои учествуваме во водењето на државата. Исто така, реформите кои се договорени со Светската банка и со Меѓународниот монетарен фонд. Сакам да истакнам дека ние во овој момент имаме аранжмани со овие две организации кои се многу децидно и конкретно запишани и работиме по нив и верувам дека нема да дозволиме аранжманот со ММФ и со Светската банка, покрај сите други аранжмани да го доведеме во прашање или да го раскинеме. Токму во таа насока сметам дека една од задачите на Владата, покрај основните три точки за кои и е постигната оваа коалиција и за која добивме широка поддршка, верувам дека министрите и Парламентот во ниту еден момент нема да заборават на обврските спрема Европската Унија, Договорот за асоцијација и стабилизација, а исто така нема да заборавиме и на нашите аранжмани со ММФ и со Светската банка, затоа што веруваме дека сакаме оваа година да не дозволиме темпото кое почна минатата година и понатаму да продолжи и покрај тоа што сите сме свесни за проблемите на кои ќе наидуваме.

Почитувани пратеници, тоа се тие четири точки кои претставуваат платформа на новата Влада. За жал обично кога се дава експозе за формирање на Влада се зборува многу опширно, посебно за економијата, посебно за политиката, за надворешната политика, меѓутоа, верувам дека сите ние сме сведоци дека оваа Влада навистина е нешто посебно. Оваа Влада е судрена со еден сериозен предизвик на сериозен напад и загрозување на безбедноста на нашите граѓани и токму оваа Влада ја правиме со многу кратка платформа, но верувам успешна платформа.

Четиритите точки кои се основата на новата владина програма и на новата владина платформа верувам дека ќе ги исполниме успешно и брзо и на тој начин сите заеднички ќе ја задоволиме и сопствената јавност, сопствените граѓани, меѓународната јавност и на крајот ќе имаме фер и демократски избори.

Ова е Експозето кое сакав да го поднесам пред предлогот за министрите, предлогот на министрите и замениците министри ви е доставен во писмена форма. Тоа е предлог кој е договорен меѓу политичките лидери, а јас верувам дека овој предлог навистина ќе наиде на поддршка и поширока од оние партии кои се вклучени директно во самата Влада, затоа што верувам дека нема граѓани, кои во овој момент не е свесен зошто се прави оваа голема коалиција и која е целта на оваа голема коалиција.

Благодарам на сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Молам, кој бара збор?

Господин Јованов Никола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јованов, само еден момент.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во име на пратеничката група барам пауза од половина час и да го добиеме излагањето на премиерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час. Ќе продолжиме во 18,10 часот.

Ве известувам дека поради потребата од дополнителни консултации помеѓу пратеничките групи, седницата ќе продолжи во 20,30 часот.

Седницата продолжи во 20,40 часот.

Продолжуваме со работа.

Ве молам притиснете едно од копчињата за да го утврдиме точниот број на пратеници кои што присуствуваат на седницата.

Во салата се присутни 75 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе на државата, господине претседателе на Парламентот, господине премиер, дами и господа пратеници, претставници на верските заедници, ваши екселенции, ДА го подржува формирањето на широка коалициона влада со надеж дека на тој начин ќе се овозможи постепено надминување на длабоката политичка и системска криза во која што се наоѓа Република Македонија. Во прв ред Владата би морала да изнајде ефикасни решенија за заштита на територијалниот интегритет на земјата и за безбедноста на сите нејзини граѓани. При тоа неопходно е Меѓународната заедница да и помогне на Република Македонија во овој контекст и да го преземе својот дел од одговорноста во оневозможувањето на притисоци и терористички напади врз нашата земја. На овој план ДА е восхитена од професионалноста и патриотизмот на припадниците на безбедносните сили. Во исто време ние длабоко жалиме за изгубените животи, сочувствувајќи за изгубените животи, сочувствувајќи со семејствата на загинатите млади луѓе припадници на Македонската армија и полиција. Коалиционата влада на приоритетен начин исто така треба да се посвети на создавање на сите неопходни услови за одржување на предвремени регуларни, фер и демократски избори. ДА е подготвена да соработува со Владата во подготвувањето на ново сеопфатно изборно законодавство кое што ќе се базира на пропорционалниот модел и на избор на техника што гарантира неповредливост и целосно остварување на избирачкото право на граѓаните. Сакаме да веруваме дека сите политички фактори во земјата ќе искажат потполна подготвеност да придонесат конечно во Република Македонија да се одржат нормални избори. За ДА неприфатливо е да се третира Владата што денеска ќе ја добие нашата доверба како преодна, или техничка. Таа евидентно ќе биде влада со широк мандат и од неа граѓаните со право ќе очекуваат и други значајни резултати.

Почитувани пратеници, ДА од Владата очекува да ги искористи сите свои капацитети за борба против застрашувачките последици и општественото зло што со себе го носат и создаваат организираниот криминал и мора да ги преземе сите потребни мерки за да им овозможи на граѓаните мирно да живеат и работат. Во таа смисла Владата треба да обезбеди услови да се расчистат сите прашања во врска со масовното прислушување и другите злоупотреби на владините ресори. Сите политички партии во земјата се декларираат во полза на правната држава, односно за развивање на демократско уставно уредување. Сега во контекстот на широката владина коалиција ние оценуваме дека е возможно сериозно да се зафатиме со проблемот на

деградацијата на бројни системски и цивилизациски вредности кои што сосема несомнено треба да бидат карактеристични и да и припаѓаат и на нашата земја. На ваквата определеност и конкретен ангажман на Владата убедени сме дека граѓаните ќе им дадат силна поддршка. И покрај нејзиниот времен карактер потребно е Владата интензивно да работи врз имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ние очекуваме од новата Влада да продолжи да ги унапредува односите со соседните земји и да води политика преземајќи и соодветни меѓународни активности за надминување на конфликтните состојби на Балканот.

Дами и господа, во врска со започнатиот дијалог за решавање на отворените прашања во меѓуетничките односи очекуваме од новата Влада на најсериозен и ефикасен начин да ги преземе одговорностите за изнаоѓање на рационални и општо прифатливи решенија. Во овој контекст и предлагаме на Владата да подготви транспарентна платформа и посебна програма за таа цел. За ДА неопходно е платформата да поаѓа од воспоставените трајни вредности третирајќи ги како неприкосновени територијалниот интегритет на Република Македонија и неговата неповредливост, суверeноста на македонскиот народ и на сите граѓани на Република Македонија, човековите права и правата на националностите, унитарниот и правниот карактер на државата и нејзиното демократско уставно уредување. Програмата пак на конкретен начин вклучувајќи ја тука и динамиката на нејзиното остварување би ги дефинирала мерките за надминување на проблемите во остварувањето на правата на сите граѓани посебно во сферата на образованието и информирањето на мајчин јазик, употребата на јазиците на националностите, децентрализацијата на власта, односно јакнење на ингеренциите на локалната самоуправа, како и создавање на соодветни услови за подигање на застапеноста на припадниците на националностите во државната администрација. Во овој контекст не треба да се крие дека оваа Влада ќе се соочи со утврдувањето на потребата за промени на Уставот на Република Македонија. Напротив, на тој план препорачуваме и бараме транспарентност на целиот процес постојано информирање на граѓаните. При тоа мора да се признае дека во центарот на политичката криза во земјата се најде токму прашањето на уставните промени. На овој план уште еднаш ДА сака да подвлече дека би било катастрофално да се планираат и да се прифаќаат промени на карактерот на државата и суверeноста на македонскиот народ како што се дефинирани во преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Инаку, опаѓањето на квалитетот на политичките односи во земјата пред се предизвикани со застојот на демократскиот развој и со отсуството на конзистент на развој на социјална и Реформска стратегија. Наместо сега 10 години по конституирањето на Република Македонија во независна и суверена држава да имаме јасни и реални перспективи, ние сме конфронтирани со негативно ескалирачките реалности на живот во економска, социјална и политичка криза. Од своја страна ДА е подготвена да даде свој конкретен придонес во надминување на општата криза во земјата. Во тој правец ќе обелодениме комплексен план за излез од длабоката криза, вклучувајќи ги сите нејзини димензии. Крајно време е да престанеме со политизирање на сите идеи, крајно време е да се зафатиме со решавање на крупните проблеми. За да се изнајдат решенија потребни се идеи и се разбира неопходно е одговорно да се разговара за нив. Таков конкретен однос ќе очекуваме токму и од оваа Влада.

Конечно, поздравувајќи го формирањето на широката коалициона Влада на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, ПДП, ЛДП, СП и ВМРО-ВМРО, ДА би сакала уште на овој прв ден на новата констелација да укаже дека соработката и приближувањето на ставовите на владините партии никогаш не би смеело да биде ставено во функција на релативизирање, или уште полошо суспендирање на парламентарната демократија кај нас.

Почитувани пратеници, правото на различно мислење е основниот постулат на опстојувањето на современото човештво. Во политичката сфера богатството на разликите, креативноста на идеите и проектите за напредокот на нашето општество пред се на теренот на јавноста и на Парламентот. Заради тоа, почитувани пратеници, ДА одбра да ја брани честа на парламентарната демократија и на неприкосновеното право на различно мислење, определувајќи се да остане во опозиција. Упатувајќи ви однапред честитки за конституирањето на Владата, ДА потенцира уште еднаш дека нашите

одговорности се огромни. Посакуваме сите да бидеме на нивото на нашите одговорности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Ние овде сме избраници на граѓаните на Република Македонија независно од етничко, верско или друго потекло и разликување и нашата единствена задача е соодветно да ги презентираме нивните интереси и потреби и да работиме во полза на нивната добротите. Во ниту еден случај и момент не може нашите дискусии и анализи да бидат вперени против граѓаните и интересите на Република Македонија.

Она што во моментов се случува во Липково излегува надвор од системот на владеењето на правото, надвор од сите демократски институции кои се обидуваме да ги изградиме, т.е. надвор од концептот на човековите права и слободи на кои што сите се повикуваме. Во Липковските села македонската војска не пука само во вооружените групи, туку пука и по сопствените граѓани. Во Куманово и кумановско се зборува за воени цели, воена стратегија и со воена терминологија, а се заборава дека воени цели се граѓаните на оваа држава, нивните домови, се што спечалиле и создале во животот. Без објавување воена состојба за што е надлежно ова Собрание во погон е ставена воената машинерија, Армијата која според важечкиот Закон за одбрана, го цитиран член 19 став 1 "е вооружена сила на сите граѓани на Република Македонија". Понатаму, во член 20 се вели дека "таа се подготвува и оспособува за водење вооружена борба и други борбени дејства во воена состојба". Значи, немаме воена состојба предложена од страна на Собранието на Република Македонија. Во ниту еден од членовите на Законот за одбрана на Република Македонија не се спомнува варијантата во која Армијата би можела и би требало да се употреби против сопствените граѓани, или во вакви ситуации.

Од суштинска важност за мене, а верувам и за вас е потребата да му помогнеме на тоа население да ги совладува сите проблеми што денес ги има и токму ова Собрание тоа мора да го направи, затоа што граѓаните гласале за овие пратеници тука и ние мораме да имаме одговорност за решавање на интересите на самите граѓани, не само во Липковскиот простор, туку во просторот на цела Република Македонија. Демократската алијанса на Албанците смета дека во овој момент сите политички фактори треба да бидат насочени кон смирување на ситуацијата во која ќе можат да се проработат демократските методи и начини на справување со конфликтите. Сметам дека сега е потребно елементарно релаксирање на тензиите за да може да му се даде време и простор на политичкиот дијалог. Прашањата за кои треба да се расправа се во толку голема мера суштински, есенцијални и базични што за нивно поставување и решавање е потребна ладна глава, многу рационален пристап, спремност да се ислушаме едни со други и пред се воспоставување на принципот на консензус.

Еве неколку апсурди и аномалии кои тешко можат да се објаснат пред нашите граѓани. Липково со две езера 30 години поставува барање за квалитетна вода за пиење и тоа го нема се уште добиено. Лојане 30 години го полнел Буџетот на државата, а за возврат добиле голема еколошка бомба. Тие две еколошки бомби ги имам тука пред мене анализирани во Американската научни институции. Во Лојане во јаловината постојат милион тони концентрати на арсен, антимон и хром. Ако тоа се распредели низ цела Македонија му припаѓаат 40 тони. И нека повелат еколошките и научните институции да го потврдат обратното. Секој километар има по 40 тони еколошка бомба која носи само смрт. Од друга страна 100 илјади тони арсен чист концентрат, ако тоа се распореди низ цела Македонија, му припаѓа околу 4 тони, а ние 10 години не сме биле во состојба драги пријатели, колеги пратеници ваквите суштински проблеми ние тука да ги решиме. Затоа постои информација поставена како прашање уште на 56-тата седница и за таа седница ние се уште не сме расправале. Ги заборавамe основните круцијални проблеми кои се однесуваат за граѓаните, а паушално, дури и нерационално понекогаш се одвиваат нашите седници. Започната е изградбата на мала акумулација во Влаина 1998 година, а оттогаш од тоа нема ништо, затоа што таа работа ја почна една друга коалиција, доаѓа на власт третата коалиција и од тоа нема ништо. Значи, граѓаните треба да чекаат кога ќе дојдат на ред соодветните коалиции кога ги почнале тие проекти, па дури тогаш да се справат со тие проблеми. Ниедно училиште во тоа подрачје кумановско, не велам само за просторот на Липково децата се уште учат по полициските станици изградени во 1937

година. Нека ми докаже некој за 50 години во Липковскиот простор дали е влезена некоја сериозна инвестиција, дали некој добил кредит за мали и средни претпријатија и покрај тоа што постојат барања од страна на жители на тоа подрачје. Батинци го реализира проектот за водоснабдување. Потрошени се парите од Тајван, вода за пиење се уште нема и се сомневам дека ќе има. Во текот на 90-тите години Железарницата во Скопје трошеше годишно 72 милиони кубни метри вода од изворот Рашче, Рашче немаше вода за пиење, а Арачиново сака да добие вода од подземните води која е загадена од втора класа. И за тоа постојат такви податоци, нека повели некој нека ги побие. Вакви и слични апсурди и аномалии во Република Македонија за жал ги има многу.

**АСЛАН СЕЛМАНИ**: (продолжение)

Сметам дека Владата и Парламентот има огромна одговорност и мора да преовладува разумот проблемите да се решат со политички и демократски средства и едноставно мораме да се откажуваме од негативната и трагичната оптовареност на милениумот што временски заминал, со сите афери, подметнувања, додворувања , наместуваа , монтираа, партизации на институциите на системот,профитерства и др. Од тука Владата ќе мора да се совладува од односните слоеви. Мораме да се одлепиме од традиционалната и трагичната балканопатологија и мораме да се ориентираме кон тоа да создадеме земја во која е можна хуманизацијата, социјализацијата и хармонизацијата на односите, за да созрееме кон поредок на мирна и перспективна граѓанска држава во која човекот ќе биде премиер на мудроста.

И сосема на крај, барам од двете страни да прекинат со воените дејства за да можеме да воведеме политички и демократски механизми за решаваше на конфликтот во корист на сите граѓани на РМ. До колку институциите на системот односно законодавниот дом не е во состојба да ги реши проблемите, тогаш навистина не ни е местото тука и треба што поитно да дојдат нови демократски сили кои умеат со мирни средства да ги надминат односните тензии во нашето општество.

На Владата и посакувам успех во понатамошната работа, но би било пожелно, да беше жив јас би го предложил и Анаксагор да биде член на оваа Влада , затоа што само тој може хаотичните и магливите состојби да ги реши , затоа што тогаш во свое време ги решил со демократски средства,затоа што првенствено повикувајќи го умот можел да донесе ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и гости, вечерва во нашиот Парламент се случува нешто што веројатно само до вчера беше прилично невозможно и чудно. Имено, денес партиите и пратениците со независен статус, без оглед дали припаѓаат на левицата или десницата, дали се со етнички или граѓански карактер, се одлучни да формираат заедничка Влада. Таа Влада ќе биде поддржана и од партиите на Коалицијата "Заедно за Македонија" , во чие име зборувам, и во име на пратеничката група на СДСМ, пратеничките групи на Либерално демократската партија и Социјалистичката партија но и Вонпарламентарните лига за демократија.

Она што се случува со нашата држава и она за што веројатно во најголем дел вечерва сме овде собрани е да ја изразиме нашата загриженост, но и да понудиме одговор за она што се случува со Македонија се разбира дека нашата загриженост ќе остане и понатаму се додека државата не се ослободи од она што и се заканува. Имено, што се случува денес со нашата држава. Загрозен е нашиот територијален интегритет. Во нашата држава постои насилство и тероризам, во нашата држава секојдневно сме соочени со можност за натамошно губење на животи и материјални разурнувања. Нашата држава изгуби животи, за што ние изразуваме длабоко жалење. Нашата држава исто така е соочена со можност од проширување на загрозувањето на нејзината безбедност до граници кои можат да доведат до меѓуетнички конфликти од поширок карактер. Тоа на сите ни е јасно, без оглед дали некој од нас тоа ќе го спомене или не, дека може да ја доведе Македонија на работ на пропаст и да ја изгубиме Македонија таква каква што денес ја знаеме.

Тоа се причините заради кои сакаме денес да се обединиме во една политичка Влада. Зошто е тоа така, што придонесе за ваквата ситуација? Веројатно имаме 120 одговори, секој од нас си има свое мислење, меѓутоа јас сметам дека барем вечерва ќе биде најдобро да не искажуваме и да не ги кажуваме своите мислења кој по чија проценка и како не довел во оваа ситуација. Тоа да го заборавиме. Да размислиме за тоа

што треба да направиме во иднина. Имајќи предвид во какви услови заседаваме и со која цел сме свикани, јас би сакал накратко само да кажам како сите оние кои ги претставувам ја гледаат целта на оваа Влада во која насока таа треба да работи.

Прво, мислиме дека многу е важно новата Влада да ги обедини сите политички сили во Македонија во насока на зачувување на безбедноста и државноста на РМ. Исто така, сметаме дека ќе биде круцијално новата Влада да даде одлучен одговор на оние кои сакаат да ја дезинтегрираат државата и евентуално планираат да направата Маке-донија да не биде таква каква што досега ја познаваме. Во тој одлучен договор Владата треба да ги употреби сите средства, политички , дипломатски, безбедносни, односно државни инструменти за да го зачува тоа што треба.

Исто така, еден од главните приоритети ќе биде да се врати мирот во оваа држава, но исто така до колку има отворени политички прашања и прашања кои произлегуваат од корпусот на т.н. меѓуетнички односи во РМ, Владата заедно со нас во Парламентот и другите институции во државата кок тој товар веќе го преземаа, да отвори продуктивен дијалог за нив и да ги надмине. На тоа исто така даваме еден од видните приоритети на оваа Влада.

Исто така сметаме до колку Владата ги исполни овие цели, за што сите заеднички ќе се трудиме, треба да ги донесе сите неопходни одлуки и закони, заедно со нас во Парламентот, согласно со нашата надлежност, за да се случат нови , фер , демократски и ненасилни избори во РМ, кои ќе бидат во скоро време, односно до крајот на јануари 2002 година.

Исто така, еден од приоритетите на Владата ќе биде, по наше видуваше, да обезбеди тековно функционирање на државните институции, во овој период, за кој ќе треба пред се да ја обезбеди безбедноста.

Давајќи поддршка на ваквата Влада, исто така сакаме да укажеме дека има работи што оваа Влада веќе не смее да ги прави. Владата не смее прво да ја злоупотреби довербата на сите нас. Ние на еден или друг начин ги претставуваме сите гласачи во РМ , односно сите оние кои ги избрале пратениците ја даваат својата согласност за Владата, а јас сум длабоко уверен дека ќе биде огромното мнозинство на Парламентот. Таа наша доверба кон Владата, но и довербата кон нас пратениците веќе не може да се злоупотребува, не може да се продолжи со незаконитост во работењето, не може да се продолжи со градење на политика која не оди на чест на органите кои ги претставуваме.

Исто така, Владата не смее да заборави дека во овие услови може да владее без опозиција така како што ќе помисли дека може да владее. До колку Владата го напушти курсот, опозиција ќе бидеме сите ние во Парламентот.

Исто така сакаме да го потенцираме и следново. За партиите кои досега беа во владејачката коалиција ова е веројатно, да не градираме последна, претпоследна или било каква можност да покаже дека се откажува од своите себични интереси и да се посвети повеќе на она за што сме сите загрижени. Меѓутоа, исто така, ова е шанса за оние партии од опозицијата во овој момент, кои влегуваат сега во Владата, а кои претходно биле на власт во друг мандат да добијат шанса , поправен испит да покажат и докажат дека заедно со оваа власт која во моментот уште постои пред изборот на новата Влада дека заеднички можат да се сплотат околу еден интерес. Тоа е интересот за кој зборував во оние четири,пет цели на новата Влада.

Би сакале да укажеме дека по ниедна цена не смее да се наруши меѓусебната претпазлива доверба која почнува вечерва да се гради. Сметаме дека таа доверба се уште не може да биде целосна меѓу сите партии во коалиционата Влада, меѓутоа, со еден претпазлив приод таа може да се гради отсега се до изборите кога ќе можеме во безбедна и мирна ситуација да ги раскрилиме нашите политички програми кои нема да се однесуваат на безбедноста. Затоа што изгубуваното на довербата меѓу себе во новата Влада може да значи и влегување на терен кој ќе биде уште пострашен од оној од кој сакаме да излеземе во моментот на формирањето на оваа Влада. Би сакале да се заборават бар за момент или барем за времето во кое ќе се справиме со проблемите во државата, нетрпеливоста и конфронтациите меѓу коалиционите партии од позицијата и опозицијата во овој момент, а да победат заедничките интереси, а тоа се интересите за РМ. Од таа позиција најискрено и полн политички капацитет на партиите во чие име зборувам и посакуваме успех на Владата, со желба заеднички да работиме на новите цели кои денес ги поставуваме.

Исто така, апелираме на фактот дека новата Влада нема да може да

спроведува ниедна политичка концепција така како што ја замислиле секој од нејзините партиципиенти. Таа ќе биде оптоварена, меѓутоа убедени сме во овој случај ќе биде позитивно оптоварена со можноста да се прават компромиси на сите страни, за да се постигне заедничко решавање во насока на зачувување на РМ и нејзиниот територијален интегритет, безбедноста и да се врати мирот, затоа што тој не може да се зачува затоа што не постои.

Залогот со кој новата Влада влегува во новиот мандат е преголем. По оваа Влада или ќе има победа на РМ за сите нејзини граѓани, без оглед на националната и верската припадност или политичка определат или тоа ќе значи дека отстапуваме простор во кој ќе има вакуум на релевантни политички сили кои можат да се справат со проблемите во државата. Создавање на таков вакуум веројатно, иако тоа не би сакале, ќе не води кон уште поголема криза која може да се трансформира во тотална војна. Тој вакуум не смееме да го оставиме како простор.

Затоа, давајќи поддршка на Владата, ги повикуваме сите и во Владата и во Парламентот и оние надвор од Парламентот, политички сили и граѓани да запаметат дека треба да работиме со разум и мудрост, а во проблемите да влегуваме со намера да ги исправиме, за да се врати безбедноста и мирот на РМ во интерес на сите нејзини граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседател на Републиката, претседател на Собранието, премиери, министри, великодостојници на државните институции и на верските институции, почитувани колеги, ваши екселенции,

Денешнава собраниска седница е прва што се одржува по убиството на 10-те припадници на безбедносните сили на РМ кај с. Вејце-Тетовско, и с. Ваксинце-Кумановско. Од тука, дозволете ми од оваа говорница да се придружам кон општите изрази на сочувство за подмолно и брутално убиените и ранети припадници на безбедносните сили на РМ од страна на албанските терористи и сепаратисти. Нивните имиња, како и имињата на другите припадници на безбедносните сили што ги дадоа своите животи од почетокот на ова безумно терористичко дивеење ќе останат длабоко вткаени во поновата историја на самостојна и независна Македонија и во колективното паметење на граѓаните на нашата земја како храбри и бескомпромисни борци за зачувување на нејзиниот суверенитет и интегритет. Згаснувањето на нивните млади животи не обврзува сите нас да направиме се што е потребно да запре ова терористичко безумие, да се врати мирот и спокојството во домовите на нашите граѓани и вековната меѓуетничка толеранција и соживот на овие простори, а енергијата да ја насочиме кон спроведувањето на реформите кон сложените и ни малку едноставни активности што не очекуваат во нашата интеграција во Европската заедница и другите Евроатлански структури.

Токму таквата приоритетна цел, односно стабилизираше на безбедноста на РМ е основната причина за формирање на широка коалициона Влада чиј избор е денес на дневен ред. Сите очекуваме дека по изборот на Владата на широката коалиција или како што многумина ја нарекуваат Влада на национално единство ќе се подобри односно ќе се нормализира безбедносната состојба, а таквата Влада активно и одговор но ќе дејствува во спречување на натамошното ескалирање на кризата во насока на нејзино целосно елиминирање. Секако, за постигнување на ваквата цел и ако терористите не го искористат прекинот на огнот и самите не се повлечат од територијата на РМ или не им се предадат на безбедносните сили на РМ, Владата на РМ треба бескомпромисно и брзо да ги преземе сите расположливи мерки за нивно елиминирање од територијата на РМ во смисла на целосен ангажман во таа насока на сите органи и институции што се под нејзина ингеренција, а пред се безбедносните политички и армиски сили на РМ , на кој начин на сите ќе им се докаже дека постои и функционира силна македонска државност.

Формирањето на широка коалиција, а во тој контекст и Владата на широка коалиција ќе испрати силни сигнални за постоење широк национален консензус во Македонија за да се обесхрабрат и изолираат оние кои користат насилство да ја дестабилизираат земјата. Кон општата осуда во Европа и светот на активностите на албанските терористи и екстремисти , како и кон поддршка на идејата за колективна изолација на албанскиот тероризам особено важно и потребно е да се придружи албанскиот политички фактор во РМ , односно политичките партии на Албанците

во РМ и јасно и недвосмислено да го осудат таквиот албански тероризам и екстремизам. Во овие тешки моменти за РМ сиот политички потенцијал мора да се стави во функција на запирање на етничката поларизација во државата и враќање на довербата.

Владата на широката коалиција ќе треба да се јави во улога на катализатор на политичкиот дијалог, кој пред извесно време започна да се води под раководство на претседателот на Републиката, но и во јавноста воопшто, во правец на разјаснување и решавање на отворените прашања и враќање на меѓуетничката доверба.

Почитувани колеги, би сакал да ја истакнам доблеста на партијата ВМРО-ДПМНЕ, како и на нејзиниот лидер г-динот Љубчо Георгиевски и големата одговорност кога во вакви тешки моменти за државата ги стави партиските интереси во втор план и го иницира формирањето на широката коалиција, која иницијатива резултира со постигнување на договор меѓу позицијата и опозицијата за формирање на широка коалиција и широка коалициона Влада.

Се надевам дека мотивите што ги раководеа другите политички партии да влезат во Владата на широка коалиција, и наспроти досега искажаните цврсти и принципиелни ставови за неучество во Влада на чие чело стои г-динот Љубчо Георгиевски ќе бидат доволно јаки да ги направи таквите партиципиенти кооперативни за оваа Влада да биде синхронизирана и единствена во донесувањето на одлуките.

Од тие причини, пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и на Либералната партија ќе го поддржат изборот на предложената Влада на широка коалиција, на замениците министри и новите два потпретседатели на Собранието, покрај тоа постојни, на кој начин доследно ќе го испрочитува политичкиот договор на партиципиентите во широката коалиција.

Успех на новата Владата и благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Г-дин претседателе, почитувани пратеници, во Коалицијата за Македонија се договоривме во наше име да зборува г-динот Поповски, меѓутоа, кога сум веќе повикан сакам сосема кратко да кажам дека состојбите навистина се многу сложени, дека ова не е време за партиски маркетинзи, дека оваа проширена коалиција ја правиме токму од тие причини, дека државата се наоѓа пред сериозни проблеми, дека е загрозен нејзиниот суверенитет, независност, нејзината целовитост и една ваква Влада треба да ги обедини сите граѓани во Македонија да се расправи со едно зло кое што постои и кое се роди во оваа држава. Но во исто време, оваа Влада мора да ги развива понатаму демократските односи и демократијата. А за да може да се елиминира една од причините на сето ова што се случува во државата и за да може да се развиваат и понатаму демократските односи, оваа Влада мора да направи големи напори на запирање на негативните текови во државата во сите области, посебно во економијата и оваа Влада мора да се обрати до ЕУ, Америка, Канада, Австралија и до сите богати земји навистина реално и објективно материјално да се помогне оваа држава.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:** (Продолжение)

Ние го достигнавме дното. Граѓаните на Република Македонија без оглед на која националност припаѓаат, живеат многу тешко. Веќе го надминаа ексцепционалниот минимум. Нам ни беше многу ветувано. Не сакам да зборувам за тоа. Многу малку од тоа ветување е остварено.

Според тоа, мислам дека прво треба да се помогне државата материјално.

Второ, мора да се обезбедат средства, капитал, кредити под поволни услови, граѓаните да можат да ги реализираат своите идеи, односно своите инвестициони идеи. Тука недостасува капитал во државата. Тоа што ни се нуди, преку разни светски институции, тоа е под такви услови, да не можеме со вакво производство, кое може да се развива во државата, не може да се обезбеди профит, со камати од 12 до 15%, со враќање од 4 до 5 години. Може само да се инвестира во високи технологии, кои можат да ги вратат тие средства.

Ние во тој поглед немаме разбирање кај институциите на системот на запад, ни кај Светската банка, ни кај Меѓународната банка, ни кај Банката за обнова и развој во Европа. Светот мора да сфати дека нема демократија, ако човекот е сиромашен, ако човекот е зависен од секого, со него може да се манипулира. Ние мораме да создадеме граѓанско општество, кое што средниот слој ќе ја води демократијата и каде што може да се обезбедат услови за развој на тие демократски односи. Сега се користи големата беда, големата сиромаштија кај

луѓето за вакви цели, кои се надвор од цивилизираниот свет.

Според тоа, мислам дека како Парламент и како Влада, која се направи со голема коалиција, со оваа задача што ја има да расчисти со екстремизмот и тероризмот, да ги елиминира тие појави, а тоа мора многу брзо светот да го сфати, а за да излеземе од ваквите проблеми ние мораме да имаме еден динамичен економски развој. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

Збор има госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Ми се чини дека малку подолга беше групата на поздравни говори, а јас ќе бидам малку поразлична од нив. Мене ми е мило што веќе завршивме една политичка лакрдија од новоформираната Влада, таканаречена Влада на широка коалиција, Влада на национален спас. Некои дури ја нарекоа и Влада на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, што јас сметам дека е навреда, затоа што Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија работеше во едно поинакво време, постоеше како политичка организација во која што се знаеше кој каква одговорност сноси. Во оваа Влада, за жал, во која ги има сите партиципиенти, се плашам дека коректив, апсолутно дека ќе нема. Тоа значи дека ќе работи без опозиција и дека ќе градиме односи на доверба, што во овој Парламент за две години не успеавме да го направиме.

Тоа значи, оваа Влада, како Влада, веројатно нема да биде напаѓана и во јавноста, бидејќи ќе бидат напаѓани поедини министри, затоа што одредени проекции од давани одредени министри ќе бидат бранети, веројатно од поединци, или пратенички групи од кои потекнуваат поединците, меѓутоа не знам дали до крај ќе ја заврши својата улога Владата што во овој момент ја определила.

Она што во овој момент за мене е нишка за надеж, е тоа што сите што зборуваа во името на оваа Влада, кажаа дека Владата што ја правиме ќе се справи со проблемот, поради која што истата ја правиме. Тоа е тероризмот, кој во Република Македонија се јави, или подобро речено, со вистински зборови кои што сите овде од обзири еден спрема друг не сакаме да ги кажеме, тоа е окупацијата која што Република Македонија во овој момент ја има во еден дел од својата територија, односно, не можноста суверено да владее таму. Бидејќи таму имаме веќе војна, која што не ја прогласивме формално и правно, очигледно дека таму работите треба да се разрешат единствено со оружен напад. Сега во ова Собрание има веќе длабоко политичко лицемерие, односно меѓу политичките лидери во оваа земја има лицемерие со што едно се зборува пред меѓународната јавност наутро, а друго се зборува пред сопствената јавност, или и служи за актуелно дневна политичка потреба. Во оваа ситуација тешко дека ќе најдеме решение за разврска на настаните.

Мене ми е жал, ова е мое лично мислење, не е мислење на партијата на која што припаѓам, меѓутоа, немам намера да се откажам од неа, меѓутоа чувствувам потреба тоа да го кажам токму сега, од причина што Собранието сега беше суспендирано. Само ќе Ве потсетам дека на 16, 17 и 18 март, за прв пат расправаше за актуелно политичко безбедносна состојба и оттогаш до сега ниту еден збор не кажа и покрај тоа што актуелна безбедносна политичка состојба е сериозно влошена во еден дел од нашата територија. Ние очигледно се плашиме од порано да разговараме за состојбите, или пак свесно го суспендираме Собранието и го претвораме во еден дамнешен орган и покрај тоа што велиме дека градиме систем на парламентарна демократија. Јас ќе ги поздравам напорите на нашиот политички врв и г на претседателот на Републиката, кој што сака да промовира агенда, кој што сака да направи брифинг со сите лидери и кој што сака навистина да најде со мирна разврска да ги реши проблемите.

Меѓутоа, очигледно оваа институција на собир на политичките лидери се претвора во една официјална институција, која што никаде ја нема во нашиот Устав. Јас разбирам да се направи агенда за разговор, да се разговара понатаму, меѓутоа, Собранието комплетно е исклучено од својата највисока позиција, заради тоа што тој е единствениот орган кој протежира парламентарна демократија и кое што е одговорно за состојбата на правото, односно, за состојбата на мир и на слога. Состојбата на Собранието ја гледам дури и вечерва, можеби ќе кажете со еден многу простор во мене. Владата е веќе договорена, таа треба да се поддржи. Јас имам голема надеж дека ќе се справи со целокупната состојба и јас се надевам дека ќе биде така "и дај Боже" да биде предмет

на расправа дека била лоша мојата политичка проценка, меѓутоа, дури и при самиот избор Собранието прави процедурална грешка. Велиме дека согласно член 94, став 4 од Уставот, цитирам: "доколку претседателот на Владата предложи разрешување на една третина од членовите на Владата во првобитниот состав, Собранието одлучува за избор на нова Влада". Велиме дека избираме нова Влада, а немаме враќање на мандатот на претседателот на државата. Не гледам причина зошто тоа да не се направи, од причина што Владата не ќе беше составена и требаше да биде свикана утредента и во истиот ден. Очигледно се работи за свесно пренапрегнување, на она што Уставот ни го налага како нужен предуслов, а тоа е се од причина што во овој случај нема да имаме опозиција, која што тоа нешто ќе ни го каже. Се плашам дека и понатаму така ќе работиме. Ќе кажам дека се работи за многу лесна процедурална работа, која можеше да се направи, Собранието свесно да не си ги нарушува своите закони. Како може да очекуваме останатите да не ги почитуваат законите, кога тоа само не си ги почитува. Како можеме да очекуваме останатите да го почитуваат правото, кога Собранието само не си ги почитува уставните законитости, односно правото кое го протежира како основен систем на владеење во сите сегменти.

Што да кажам за широката коалиција. Мене ми е мило што сите имаме верба дека ќе се постигнат позитивни резултати. И јас би сакала да биде така. Меѓутоа, такво мешање на Меѓународната заедница, во кое што се состоеше буквално кој се ќе ја претставува оваа Влада, навистина немаше потреба, од причина што ние имаме легално избрани органи, кои што се претставени од политичките лидери, кога се знае дека Владата ја избира токму ова Собрание. Таа има одговорност пред ова Собрание и пред граѓаните. Не можеме да кажеме Д9ка дури, по едни наводно неформални средби, да С9 даваат изјави од типот: "добро е што имаат вакви лидери, кои добро ќе ја водат земјата". Можеби другите не, меѓутоа мене ме навредуваат таквите изјави, од причина што ние Н9 сме африканска земја. Ние сме земја која што потпиша Договор за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, меѓутоа, никој од нашите амбасадори што се во тие земји членки на ЕУ не се поканети, па дури и формално ако сакате, да присуствуваат при составувањето на Влада на една суверена држава. Мислам дека ние тоа сами си го дозволивме, од причина што од една страна ни се вели: "мора да ги совладате терористите", а од друга страна добиваме изјави од типот: "употребата на сила треба да биде право пропорционална", а исто така, дека треба прво терористите, јас морам така да ги наречам, затоа што на крајот на краиштата, една Америка ги стави на листата на организации со кои што треба да се справиме само на тој начин, заради тоа што треба да им дадеме можност на терористите да се пресоблечат, да направат нови редови, и да се јават во Дебар или во други делови на Западна Македонија.

Како држава сметам дека е исправно да го побараме е тоа дека нам навистина ни треба помош од ЕУ, меѓутоа, ни треба помош за она што го имаме како членка на Алијансата со партнерство за мир, што го имаме потпишано, добро да ја обезбедуваат границата од страна на Косово и од страната на Албанија, да не бидат потхранувани никакви радикални елементи во овој момент, кои што зборуваат за големи држави, или кои што во име на албанското население носат големи одлуки. Исто така, доколку имаме потреба од помош со што ќе се справи со терористите на вистински начин, нека ни биде понудена голема помош. Единствено само за тоа јас можам да им честитам. Тоа е за целокупниот македонски народ, за албанската популација која што живее во Република Македонија, која што секојдневно ја гледаме како исплашено во овој момент размислува што и како ќе направиме ние во ова Собрание, односно што ќе изјават нивните политички лидери. Тие навистина, останаа достојни и горди на она што значи соживот во Република Македонија, бидејќи видов, од она што јас комуницирам и од она што имаме можност преку медиумите да го видиме, сите тие сакаат да имаме мир, сите тие сакаат да ја сочуваат својата работа, да го сочуваат својот бизнис, да го сочуваат својот имот и сите тие сакаат да живеат во Република Македонија.

Според тоа, само тоа ни влева надеж и верба дека во оваа Република Македонија навистина имаме свесен народ, можеби за жал, препуштен во овој момент, не на сите, има можеби исклучоци на лидери, кои сакаат многу повеќе од она за што се избрани и тоа ни влева надеж дека во Република Македонија, навистина ќе навикнеме да живееме едни со други, а не едни покрај други.

Токму заради тоа, ако оваа Влада со широка коалиција успее на мирен начин да го реши овој проблем, во Република

Македонија да немаме ниту жртви, заради тоа што ќе се согласите, такви жртви што се масакрирани го нема никаде, освен во некои системи, кои што беа осудени од целокупната светска јавност; меѓутоа, се разбира, не ги оправдувам и оние што во Битола ги испокршија дуќаните на невини граѓани кои што плачеа пред медиумите, заради тоа што беа апсолутно невини жртви на еден вандализам, само заради своето етничко потекло, тоа не треба во Република Македонија да се повторува. Во Република Македонија треба да бидат казнети вистинските виновници, а не оние кои што ја бранат државата и оние кои што само заради своето етничко потекло треба да страдаат.

Ако оваа широка коалиција успее да го совлада проблемот со терористите, кој што ќе успееме сами ако немаме никакво политичко лицемерие ниту овде, ниту на било каква преговарачка маса, туку, отворено да разговараме за сите проблеми, вклучително и за Уставот, заради тоа што Уставот не е библија, затоа што за Уставот треба да се разговара мирно и со "ладна глава", а не да се даваат изјави од типот: "затоа што немаше политички резултати, па во оваа држава гинат млади невини луѓе", туку за Уставот треба да се разговара како за заеднички документ, кој треба да го почитуваат сите граѓани на една држава, тогаш јас ќе бидам задоволна, заради тоа што само тогаш ќе докажеме дека сме вистински претставници на народот кој што овде не избра и ќе можеме се разбира, да одиме повторно на нови избори, за да видиме што тој народ мисли за нас и за она што нему му се случи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

За збор се јави господинот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, господине премиер, господине претседателе на Собранието, почитувана господа,

Нова демократија и Бошњачката демократска партија, уште во стартот ја поддржаа иницијативата за формирање на Влада на широка коалиција во Република Македонија.

Знаејќи ги сите последици, кои што произлегуваат од една ваква Влада, што значи суспендирање на изборните резултати 1998 година, што значи искорнување на демократските процеси во Република Македонија. Меѓутоа, гледајќи ја севкупната состојба во Република Македонија и знаејќи дека на дел од територијата на Република Македонија се води војна, ние ја поддржуваме оваа иницијатива и ќе гласаме за предлогот на Владата на Република Македонија.

Сакам да истакнам и да сугерирам на новата Влада уште веднаш по нејзиниот избор да направи платформа, со која што детално ќе ги договори активностите во интерес на граѓаните на Република Македонија, со јасно определени активности кои ќе бидат превземени, со утврдени рокови за нивна реализација. Имајќи предвид дека оваа Влада треба да функционира согласно утврденото од информацијата што ја имаме и согласно договореното, најдоцна до 27 јануари 2002 година.

Ќе сугерираме на новата Влада итно и безусловно да се запре војната во Република Македонија, да пристапи кон отстранување на последиците од воените дејствија што се појавуваат на дел од нашата територија.

Ние длабоко жалиме за изгубените животи на граѓаните на Република Македонија, како за лицата од армиските и полициските редови, така и од цивилното граѓанство, без разлика на националната и верската припадност. Владата веднаш би требала да пристапи по завршувањето на овие активности кон разговори за подобрување и попречување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Но, никако да не прифати оваа Влада разговори со терористите, односно со учесниците на ОНА.

Јас би сугерирал, иако е краток периодот, да има агресивно приоѓање за помагање на стопанството на Република Македонија, со оглед на тоа дека стопанските субјекти во Република Македонија се наоѓаат во исклучително тешка состојба.

Исто така, би сакал да се прифати веднаш и без условно кон донесување на законска изборна регулатива, припрема на избори и да се надеваме на предвремени парламентарни избори, кои што треба да завршат до 27 јануари 2002 година.

Нова демократија ќе ја поддржи Владата на Република Македонија сесрдно и се надевам дека ќе можеме да придонесеме и ние, иако бевме принудени да земеме учество во истата, ние се заблагодаруваме на понудата, меѓутоа, поддршката ќе ја дадеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, почитувани екселенции,почитувани кандидати за министри и заменици министри,

Јас мислев дека претседателот на Собранието, откако баравме пауза, ќе ни даде збор меѓу првите, меѓутоа, еве се случи така што сепак го запази тој редослед што го има. Но, никогаш не е касно и секогаш има време да се каже тоа што мислиме дека треба да се каже.

Ние како пратеничка група на ПДП го анализиравме експозето на господинот премиер Ѓорѓиевски. Како што го слушавме така и го анализиравме и текстот и се разбира дека имаме право како пратеничка група да ги кажуваме нашите забелешки за експозето, а се разбира тие забелешки се однесуваа и за делови од содржината и за начинот на кажувањето, т.е. во кабуларот што го употреби, како премиер.

Нема да навлеземе во анализи од реченица до реченица, но мислиме дека во дел од експозето на господинот премиер имаше премногу елементи на воинственост. Тоа значи дека господинот премиер во овој случај, од денес, каде што ќе бидеме најверојатно и ние партиципиен-ти во оваа широка коалиција, не може да настапи и не требаше да настапи со елементи и конотација која наликуваше и добро се разбираше, како настап на еден партиски лидер или настап на еден премиер, на една коалиција која веројатно функционира само уште малку, кога ќе се формира таа широка коалиција, затоа што мислиме дека смислата и идејата на формирање на една ваква широка коалиција значи со премиер, исто така и координатор на многу политички партии кои ја сочинуваат, односно ќе ја сочинуваат оваа коалиција. Значи тука ќе имаме различни партии со различни мотиви влезени во ова коалиција и специфичности како политички партии.

Во еден дел имаше и тенденција, не знам, со која причина на еден начин да се маргинализира меѓународниот фактор. Ние мислиме дека отворено, смело треба да се рече дека улогата на меѓународниот фактор е и голем и преголем, во оваа ситуација, во една ваква сериозна конфликтна и многу тешка ситуација за Република Македонија. Ако е така, тогаш да се повикуваме на еден одговор на господинот Солана, на прашање од новинар - Зошто сте дојдени, последен пат кога беше тука, господинот Солана рече - Дојдовме тука да правиме мир, не војна. Ако е така, тогаш сите ние треба да се однесуваме по таа девиза, по таа реченица, по таа порака, затоа што, ако настапиме како што и денес ги слушнавме некои настапи, тогаш и од оваа говорница, со наша уста, со наши зборови гранатираме, а тоа не носи таму каде што најмалку и воопшто сакаме.

Ние не сме тука, дали некој сакал, или не сакал, како политичка партија, како пратеничка група, како пратеници и како заинтересирани партиципиенти во оваа владина коалиција, широка, со политичко единство.

Многу јасно многу гласно и многу транспарентно, дури понекогаш бевме и погрешно интерпретирани и разбрани зошто, откако почна кризата и како што течеше кризата и како што сме се уште во оваа криза, сериозна, ние како пратеничка група, како политичка партија бевме скромни, не се срамевме никогаш да се посоветуваме со другите, да бараме советуваа, да бараме памет, ако треба, само затоа што знаеме дека,од обичниот граѓанин до највисоката релевантна меѓународна институција или меѓународен фактор се заинтересирани да се најде простор, начин, на мирот во Република Македонија и во дијалогот. Ако е така, тогаш и ние како политичка партија и како пратеничка група ги имавме и ги имаме нашите мотиви за влез во една ваква коалиција. Сакаме искрено, подвлекувам, искрено сакаме да се постигне стабилност и безбедност но преку мир и дијалог, со мир и дијалог. Никако предност на тоа што значи убивање, да убиваш и да се убиеш. Никако.

Да се интензивира дијалогот кој ќе биде конструктивен, со јасна агенда, без да ја криеме агендата, да бидеме отворени пред нашите граѓани, да не кажуваме, априори, со некое право дека само ние што му припаѓаме на политичкиот блок македонски сме заинтересирани за оваа држава и да го испробуваме целиот арсенал само да го сочуваме тоа што е Република Македонија. Еден начин на конотација која, се разбира дека другите се помалку заинтересирани и ако одиме понатаму тие другите, веројатно по вас се Албанците кои не се заинтересирани за мир,права и зачувување на интегритетот и тоа што значи суверенитет на Република Македонија. Треба да бидеме отворени дека во таа агенда може и ќе може и тоа добро да се разговара и за измените на Уставот на

Република Македонија, затоа што ние мислиме дека со нашата платформа, со нашите настапи секогаш знаеме дека треба да се најде начин, треба да се консултираат експерти, политичари, меѓународни фактори и ние тука, да најдеме начин, а кулминација на сето тоа е да бидеме рамноправни граѓани на Република Македонија. Има ли нешто во тоа лошо. Нема. Повелете. Значи ние сме за тоа и треба да го консултираме сето тоа што е научно и политичко и тоа што е реално да се постигне тоа.

Исто така свесни сме за ризикот што го преземаме затоа што мислиме дека не даваме шанса на мирот и дијалогот. А треба да имате и вие разбирање кон нас дека и ние преземаме голем ризик. Значи да партиципираме во една ваква широка Влада, да го дадеме и нашиот придонес, верувајте , многу, многу конструктивен за да се излезе од оваа кризна состојба на Република Македонија.

И на крајот во името на пратеничката група јас ќе го кажам и ова, само вие повелете за дијалог, дами и господа, ние сме тука. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Дами и господа пратеници,

Општа е констатацијата дека оваа држава, после една цела декада на постоеше како независна држава, се најде во една многу димензионална криза, најдлабоката до сега по својот обем,карактер и опфат.

Кризата во Македонија ги опфати скоро сите пори од животот, како што е економијата, социјалата, културата и образованието, а најтрагичниот облик го доби во сферата на меѓуетничките односи што се манифестира во вистинска војна со широки размери.

Одбегнувањето на цивилизираниот и политички начин на решавање на проблемите кои ја предизвикаа кризата од страна на македонските стереотипни и предрасуди политичари, игнорирајќи ги оправданите и оптимални политички барања на Албанците, се главните причинители на експлозијата на кризата во меѓуетнички план, која како што знаеме доби карактер на вооружен конфликт кој трае веќе четири месеци.

Имајќи го предвид фактот дека, како чудно, но вистинито, македонската јавност многу малку знае за генезата на овие судири, принуден сум да направам една кратка ретроспектива на најважните историски настани кои ги одбележуваат конвергенциите и дивергенциите на Албанците и Македонците кои 12 века живеат еден поред друг, познавајќи се многу малку, или ни малку помеѓу себе.

Како што е познато распаѓањето на Турската империја беше проследено со големи востанија и војни што ги водеа балканските народи за нивно ослободување и државотворно уредување. Албанците иако ги водеа најжестоките битки за ослободување од таа империја, немајќи скоро никаква поддршка од водечките европски сили, драстично губеа на политичко дипломатско поле. Во Лондонската мировна конференција која траеше цели шест месеци, се случи кобната трагедија. Имено, младата хегемонистичка српска буржоазија силно спонзорирана од руската империјалистичка политика, издејствува силен притисок врз Франција и Англија и го скроија планот на Албанците да им се даде држава која опфаќа 1/3 од населението, односно 1/4 од етничките територии во кои до 90% живееја Албанци. Попусти беа аргументите кои ги изнесуваа албанските интелектуалци за големата неправда и за трагичните последици кои ќе произлезат од ваквото насилно цртање на мапата на Европа. За наша несреќа овие граници се потврдија и на Версајската конференција 1918 година и во многуте други конференции се до денес. Денешна Македонија тогаш беше јужна српска провинција а со востаничко српски режим веднаш се почна со најбрутални и ѕверски воено политички методи да врши терор врз албанскиот народ кој остана да живее на овие простори, вршејќи масовно дотерување на албанското муслиманско население кон Турција и масовна асимилација на албанското православно население од селата на Река, Струга, Охрид, Битола и др. Испразнетите села и градови српскиот режим почна масовно да ги пополнува со српски колонисти кои, се разбира се населуваа во најплодните земјишта и трговските и стопански центри. Ова се факти кои сигурно ги знаете и вие, ги знае странската јавност а и нивните влади. Но, што е тука е.

Не сакајќи да се претвори оваа реч во некакво академско излагање, нема да ја цитирам многубројната историографска литература, се разбира не од албански автори, туку од странски на кои сигурно повеќе ќе им верувате. Само сакам да ви сугерирам, доколку имате време да ги

прочитате репортажите на Левстровски кој како дописник на Виенски весник во 20-тите години престојува во Македонија и ги документирал ѕверствата на српската жандармерија врз цивилното албанско население. А ако немате таква желба за читаше, би ви сугерирал, доколку имате време, да разговарате со некој старец Албанец кој се уште е жив и ги доживеал овие настани. Токму горенаведените настани биле главните мотиви што Албанците масовно се вклучиле во антифашистичката војна од 1941-1942 година. Седумте бригади составени исклучиво од Албанци не се бореле само за ослободувањето на Македонија и Косово, туку се бореле и во Срем, Загреб, Истра па се до Јасенице. Главните идеали на борците Албанци, се разбира, биле ослободување од секаков вид окупација и градење на цивилно праведно и бескласно општество со заедничка држава, со целосна национална рамноправност, со еднакви права и обврски за сите граѓани. Но што се случи.

По раскинувањето на односите помеѓу тогашната ФМРЈ и СНР Албанија во 1948 година, македонската државна политика радикално го менува односот кон Албанците и почнува да гради политички систем на еднонационална држава. Албанците од Македонија никогаш не ќе можат да сфатат зошто македонските политички структури до тој степен се однесуваа вазалски кон своите ментори од Белград. И така понизно и потчинето ги спроведуваа сите директиви од српските идеолози кои системски работеа на уништувањето на битието на своите сограѓани Албанци. Цели 50 години, стратешки и тактички се работеше за иселување на Албанците од овие простори и за нивно подјармување. Знаејќи го фактот дека за најлесно потчинување на еден народ, доволна е постапката на разнишување и уништување на системот на образование и македонските власти катадневно работеа на овој план, носејќи ги во долг мачен и тежок затвор најелитните просветни работници. Последиците од ова се чувствуваат и сега, а сигурно уште многу долги години во иднина. Од младите тешко кој се нафаќаше да ја врши оваа професија затоа што знаеја, ако ја извршуваат чесно и праведно ќе завршат исто како и нивните учители во некои од македонските затвори.

Преку мегаломанските комунарски планови за индустријализација на земјата во Западна Македонија, плански се работеше, парцелите за изградба на гигантските фабрики да бидат одземени од албанските земјопоседници. Одземањето на десетици хектари најплодно земјиште за стотици фабрики, комбинати, задруги, стадиони, сали, складишта и други глупости, иљадници Албанци остануваа без своите основни извори на егзистенција: нивите, овоштарниците и пасиштата. На нивните сопственици им остануваше само еден излез, патот кон Турција.

Немајќи можност за квалитетно образование на мајчин јазик, Албанците, најголемиот дел од нас не можеа да се здобијат со високи квалификации, а тие што ги имаа, поради некаква идеополитичка неподобност не можеа да најдат никако вработување во земјата. Така од 60-тите години на минатиот век, покрај патот кон Турција Албанците фатија патишта и кон западно-европските земји. Поради немањето пристап до државните и јавните претпријатија, Албанците масовно се ориентираа кон отворање на приватни бизниси кои преку макотрпна работа им обезбедија материјални добра, од кои најголемиот дел го искористуваа државните бирократи. Но, остануваше нешто и за нивните семејства. Приватниот бизнис, секако и економската миграција во Европа ги направија Албанците многу антикомунистички расположени, со повисока политичка и граѓанска свест, а подоцна ќе се покажат и многу профитабилни и за Албанците, затоа што со промената на политичкиот систем тие беа поподготвени за транзицијата, односно за прифаќањето на новата капиталистичка логика на работење и дејствување. Дискриминацијата во областа на вработувањето во општествените фирми, да не споменувам органи на управа, затоа што тоа беше недостижен сон, образованието, културата, добивањето дозволи за градба на куќи или користењето на некакви поволни кредити и десетици други,кои поради ограниченото време не можам да ги спомнам, направија во Македонија да живеат два паралелни света. Еден албанскиот, гетоизиран, игнориран и маргинализиран од државата и македонскиот привилегиран и политички добро организиран. Оваа добро смислена и водена дезинтеграција на општеството во Македонија трае веќе 60 години. Не се Албанците тие кои не сакаа интеграција, соработка и соживот, туку оние кои освен политичко -економските притисоци, преку политичко третирање на разни начини на над 30.000 Албанци ги доведоа во тотален колапс односите помеѓу овие два народа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА**: (Продолжение)

Но, да- ја проследиме хронолошката нишка на настаните за да дојдеме до она најбитното што сега не мачи.

1989 година е една од најважните за историскиот развој на албанскиот народ. Кон крајот на оваа година почна распаѓањето на комунистичките системи во Југоисточна Европа и отворање на патот за воведување на плурализмот и демократијата, како нов модел на општествено и политичко уредување. Политичкиот монизам, да потраеше уште некоја година, сигурно целосно ќе го разобличеше и разнебитеше албанското национално битие. Но, за среќа во несреќа, тој траеше само половина век и не успеа да ги еродира највиталните и најсуштински вредности на албанското општество.

Во Македонија , Албанците ги гледаа овие процеси на трансформација на политичките системи со посебен интерес, инвестирајќи во нив голема надеж и енергија, надевајќи се дека конечно политичките диференцијации дискриминации од секаков вид, неправдите и дезинтеграциските процеси, конечно ќе бидат едно мрачно минато што требаше да биде избришано од колективното сеќаваше.

Албанците се организираа во една политичка партија, наречена ПДП, а набрзо, за да оживее плурализмот и помеѓу Албанците, беше основана и конкурентната НДП. Но, што се случи?

Македонците, немајќи модерни и современи политичари, со длабоки визии и стратегии за брз и стабилен политичко-економски развој, почна од старт да прават така крупни грешки и провокации што ќе станат плодна почва за избувнуваше на меѓуетнички конфликти, посебно меѓу Македонците и Албанците. Македонските политичари беа и се стерилни и стереотипни, оптоварени со предрасуди кон Албанците и неспособни да ги декодирањата кодираните политички пораки од запад. Кои, во една реченица се состојат во следнава дефиниција: "Македонија да, како независна, но никако како унитарна".

За сите најизострени проблеми , како најакутен , на кого ставаат посебен акцент сите странски државници, мисионери и дипломати, беше уредувањето на односите помеѓу Македонците и Албанците. Зошто, затоа што во двомилионската Македонија една третина се етнички Албанци. А, нивното однос со Македонците е скоро 1:1. Но, македонскиот естаблишмент воопшто не обрнуваше внимание на овие состојби, креирајќи и верувајќи во таа сопствена илузија дека Албанците се и понатаму политички малолетници, тргнаа по патот на рушењето на стабилноста на Македонија. Како?

Прво, распишаа референдум за независност кој, поради проблематичниот втор дел на прашањето што беше иритирачки за Албанците, истите го бојкотираа, сметајќи го како сомнителен, провизорен односно како своевиден комплот.

Второ, Македонците составија и изгласа Устав, свесно игнорирајќи ја политичката волја на една третина од населението, знаејќи дека како таков, дека Албанците никогаш нема да го прифатат како закон над законите и секогаш ќе го третираат како генератор на кризи.

Трето, македонската политичка врхушки не најде минимална политичка храброст, должност и одговорност да го третира прашањето за високото образование на албанскиот јазик. Тетовскиот универзитет, што се основа според важечкиот Закон за високо образование и според истите прописи, стандарди и уредби како и Скопскиот и Битолскиот, само поради немањето политичка волја, слух и подготвеност за толеранција и компромиси не се официјализира. А, што е потрагично со полициски сили се тргна кон негово рушење. Да се признаеше, властите , не само што ќе решеа еден навистина,практичен образовен проблем, туку ќе ја добиеја онаа, многу посакувана лојалност на Албанците кон државата. Репресивните мерки за негово игнорирање само го продлабочија кањонот на недоверба помеѓу двете етнички заедници. Албанците го гледаат универзитетот и како метафора за нивната рамноправност, ако не целосна, барем во еден сегмент, а тоа е образованието.

Четврто, покрај ова, следуваа низа трагични настани поврзани со полицијата и Албанците во главните улоги. Изговорот воопшто не беше важен. Дали ќе биде за забрана на шверцот со цигари, дали за пронаоѓање некаков пиштол во куќата не некој Албанец, дали непосетување на некаква одлука на Уставен суд, тоа воопшто не беше важно. Битно беше во таквите полициски походи со стотици полицајци, вооружени до заби, со најсовремена политичка техника и арсенал да се демонстрира брутална сила, терор, виолентниот за конечно да се дисциплинираат Албанците и еднаш за

секогаш да сфатат дека ова е држава на Македонците во која тие се газди, а другите можат да бидат само привремени кирации. Како се однесува албанската политичка елита во изминатата деценија?

За жал, политичките претставници на Албанците, иако на почетокот храбро ги изнесуваа политичките барања на електоратот, бидејќи потекнува од ниски или средни социјални слоеви, веднаш паѓаа на стапицата на организираната македонска власт во овој поглед. Алчни за добар живот, жени, пари, автомобили, куќи, вили, станови, дуќани и друго, така лесно се впуштаа во смислените и добро планирани корупциски сцени што веднаш ги тераа да заборават на ветувањата и мандатот што го добиле од народот.

Не можат во едно кратко излагање да се опише целиот список на злоупотреби на! власта и функциите што го направија, во прв ред водството на Партијата за демократски просперитет. Немањето на капацитет за реализирање на минимумот оптимални барања на албанскиот електорат и нивното бирократско и мафијашко однесување со вртоглава брзина го поттикнуваше незадоволството, гневот и омразата кај граѓаните Албанци. Оваа, долго акомулирана негативна енергија кон нив умешно ќе ја искористат лидерите на ДПА кои во 1998 година, според мои проценки, успеа до 90% да придобие поддршка од албанските гласачи. Се разбира, поддршката не се изразуваше преку избирачките кутии, затоа што сите знаат дека таа година воопшто и немаше гласање, туку само полнење на кутии. Но, оваа поддршка не беше оспорена од гласачите, затоа што таа се чувствувани .Како успеа во тоа?

Едноставно, не беше тешко , затоа што нивниот лидер шеф ветуваше дека за година дена ќе ги реализира сите аспирации на албанските, а посебно ќе се справи со мафијаштвото во политиката, ќе го официјализира Тетовскиот универзитет, ќе го воведе албанскиот јазик како втор во службена комуникација, ќе обезбеди економски, социјален и културен просперитет на сите Албанци. Со еден збор, ќе го промени Уставот во сите оние членови што беа дискриминаторски за Албанците.

Но, наместо овие пријатни и охрабрувачки ветуваа, сите сме сведоци дека ДПА, не само што не ги реализира, туку подучени од своите претходници, уште подлабоко навлегоа во валканите и криминални дејствија што од оваа групација на луѓе, место политичка партија направија да биде профитабилна партија.

Албанците, посебно младите слоеви, длабоко разочарани чувствувајќи се крајно манипулирани и изиграни од инструментализираните албански политичари, почнаа да бараат начин за излегување од оваа крајно, понижувачка положба. Еден голем дел, не сакајќи да остане резигниран , почна да се организира во нова политичка партија, но не и со сосема нови политички кадри. Јадрото на оваа партија, наречена Национална демократска партија ја сочинуваат албански граѓани кои, по никоја цена , не сакаат да се сложат со наметнатата политика од страна на режимот и преку политички средства и методи да го остварат она што е рационално и легитимно право. За жал , оваа партија не стаса до крај да се доформи затоа што се затекна од воените дејствија случени помеѓу албанските вооружени групи и македонските сили за безбедност. Голем број од албанската младина кој не гледаа никаква перспектива и немаа надеж дека дискредитираните албански политичари ќе можат нешто да сторат, го избраа патот кој водеше кон вооружено востание за остварување на своите права за национална рамноправност. Секој ден растеше бројот на доброволците, а од неодамна ним им се приклучи и највлијателниот политичар од Кумановскиот крај, пратеникот Хисни Шаќири.

Македонските власти, немајќи никаква подготвеност за справување со овој проблем, а од друга страна подлегнувајќи под влијанието на некои наивни македонски интелектуалци, почнаа тотално погрешно да го третираат проблемот, креирајќи уште подлабока криза, водејќи ја Македонија право кон амбисот, односно на прагот на граѓанска војна. Претпоставувам дека, подучени од своите ментори од Москва, македонските политичари, замислувајќи се големи и силни како русите, почнуваат да се однесуваат кон албанските востаници како русите кон Чечените. Жално е и тажно како не најдоа засходно барем малку да научат од своите Белградски колеги кои, како претставници на осумилионски народ сепак храбро и без комплекси, креативно, пријдоа кон конфликтот што го имаат Албанците од Прешевската долина кои, патем да кажам сочинуваат само 1% од целокупното население, секојдневно разговараат со претставниците на УЧПМБ. Апсурдно и несфатливо е сега , а многу повеќе ќе биде во иднина од секого, кој малку размислува со својот ум , како може да се допушти да

гинат толку многу луѓе, меѓу кои најмногу цивили поради политички несогласувања. Сите знаат дека политичките барања на претставниците на УЧК се сосема основани и без сомнение остварливи, само ако се има исправен пристап кон нив.

НДП, како големи методолошки грешки ги смета одлагањето на преговорите со претставниците на УЧК од затварањето на некакви големи и широки коалиции со дискредитирани, корумпирани и криминалистикана политичари.

Лично сметам дека, тргнувајќи од составот на луѓето кои ќе ги водат ресорите на Владата од народот уште од старт ќе биде оспорена и омаловажена секоја нивна одлука, затоа што убеден сум дека тие не уживаат никаква доверба во народот.

Едноставно, најголемите дестабилизатори на оваа земја не можат да бидат нејзини стабилизатори. Креаторите на кризата не може да се очекува истата да ја отстранат. За таа цел НДП неколку пати јавно се изјаснува какви постапки треба да следат политичарите во Македонија за надминуваше на кризата , а тие се состојат во следново:

1. Веднаш да се запре со сите воени дејствија од двете страни;

2. Веднаш, без одлагање да се организираат разговори со претставниците на УЧК;

3. До промените на Уставот Собранието да изгласа политичка декларација за целосна политичка еднаквост и рамноправност помеѓу Албанците и Македонците и сите други малцински групи во Македонија.

После првите разговори сметаме дека е потребно да се одржи и меѓународна конференција за Македонија во која би учествувале претставниците на најрелевантни политички партии од Македонија, произлезени од новите вонредни парламентарни избори, со посредство на кредибилниот меѓународен фактор.

Ако не се случи ова за кратко време, тогаш ќе бараме во Македонија да се воведе форма на меѓународен протекторат што би работел на политичкото и економско стабилизирање на земјата и јакнењето на меѓусебната доверба меѓу најголемите два народи во Македонија, Албанците и Македонците, кои целосно се разликуваа по своето етничко потекло, јазик, култура, традиции и друго. Само со помош и посредство на важни кредибилни меѓународни институции, како политички гарант би било возможно овие два народи да ја скројат нивната судбина за живеење во една просперитетна држава без супериорни и инфериорни граѓани.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Понатаму збор има г-дин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пријатели, дами, екселенции,

Господин Поповски зборуваше во име на Коалицијата за Македонија и тоа што го кажа е наше истовремено мислење. Но, сепак сакам да кажам неколку додатни препораки затоа што, сепак, мислам дека е моментот исклучително важен за Република Македонија, бара исклучителна одговорност од политичките субјекти, државните функционери на РМ, затоа што политичките и државните субјекти во овој момент што се на сцена во РМ ја носат одговорноста, комплетна, за судбината на РМ, за судбината на сите граѓани на РМ. Сите мораме да бидеме свесни дека од овие политички субјекти, не од тие од средниот век, не од тие од XXII век што ќе бидат, од овие зависи нашата понатамошна судбина.

И , токму заради тоа сакам да кажам дека Кастриот зборуваше за историјата како што тој ја научил. Моето знаење за историјата е поинакво од знаењето што го презентираше г-дин Кастриот. Но, јас нема да зборувам за историјата во овој момент.

Нам ни требаат одговори за сегашноста и за иднината. А, одговорите нема да ги најдеме во ниту една верзија, точна или неточна, во историјата, ниту од таа од пред турско, ниту од таа после турско. Одговорите се во сегашноста. Во сегашните цивилизациски вредности што ги живеат најразвијните економски и демократски развиени земји. Од нив, од тие цивилизациски дострели до кои што не сме стигнале, можеме да научиме и побараме одговор и за нашата судбина, за нашата иднина.

Затоа, поаѓајќи од тоа и оставајќи ја историјата на страна, кој бил обесправен, кој бил осакатен, кој бил поделен, има многу осакатени, има многу поделени. Македонија и македонскиот народ не е надвор од тие сакатења. Сакам во оваа прилика да го кажам следното дека оваа Влада што се обидуваме да биде Влада на политичко единство:

Прво има поддршка да го брани интегритетот и суверенитетот на Република Македонија, како најважна задача.

Второ, дека има поддршка да се справи со сите што ја загрозуваат Република Македонија како држава, како заедница на сите граѓани на РМ.

Дека има поддршка дење и ноќе да работи за мир во земјата. Да престане губењето на недолжните животи на тие росни млади животи кои зацрнија многу граѓани и унесреќија и ја разжалостија цела Република Македонија.

Дека има поддршка да работи на интеграција на земјата во Европа, а тоа значи да работи на економските, на социјалните, на политичките норми и стандарди што ги живее денеска таа Европа во која што сакаме да бидеме рамноправен субјект.

Дека остварувањето на тие стандарди, норми, економски, политички, демократски, вкупни се услов да бидеме во тоа друштво за кое што 10 години зборуваме, а всушност ни се случуваат обратни, ретроградни процеси.

На луѓето, почитувани политичари, пратеници, премиери и министри им треба леб и работа. Живот безбеден. Не војна и разурнување, убивање. Работете на тоа сите, да работиме на тоа сите и Македонци и Албанци и Турци и Срби и роми и бобњаци и сите други кои ги има во Македонија.

Не се херои тие кои произведуваат војна. Не се херои тие кои произведуваат убиства, сиромаштија. Херои се тие кои обезбедуваат живот, кои обезбедуваат економски прогрес, обезбедуваат збогатување на духовните вредности. Тие се херои. Сите други се кукавици. Сите други се рицари од средните векови.

Почитувани кандидати за министри, господине премиер,

Имате поддршка за ова што го зборував и за многу друго позитивно.

Немате поддршка да крадете, како што крадевте до сега.

Немате право на ваша лична среќа без среќа и живот за сите граѓани на Република Македонија.

Немате право да ја враќате Република Македонија во средниот век и немате право илјадниците жртви дадени за оваа држава да станат залудни и бесмислени.

Немате право Република Македонија да ја претставувате како земја со народ кој не е способен за цивилизациски дострели, за какви што се способни другите држави од развиена Европа.

И македонскиот народ и македонските граѓани, сите, можат и способни се за_гатки дострели. Водството мора да биде одговорно, мора да биде на нивото на задачата. Политичките субјекти во Владата, надвор од Владата, тие ја креираат климата и амбиентот дали овој севкупен народ кој живее во Република Македонија и сите граѓани можат да застанат на стапките што ги одат денеска развиените држави.

Работете вие, да не ги суспендирате институциите на државата и отворете процес и да отворите процес на таканаречено само организирање на граѓаните. Да ги чуваме институциите на Република Македонија. Во спротивно, ќе завршиме со илјадници и илјадници мртви. Сите вкупно, заедно ќе загубиме и државата и животите со државата.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение)

Формирате влада на политичко единство, или формирана влада ка политичко единство. Покажете и да покажеме дека сме зрели за тоа. Приликата постои, да ја искористиме заради нашите деца и заради идните поколенија. Покажете дека Македонија може да егзистира без големи протектори. Дека може да има влада што ќе ја составуваат граѓаните на Република Македонија. Да не се срамиме пред нашите деца, пред идните поколенија. Солана, Робертсон, Дикинсон, Ајник, сите сакаат да ни помогнат - нема да ни помогнат ако ние сами не си помогнеме. Срам за сите нас ќе биде ако не сме способни влада сами да формираме. Срам за сите нас ќе биде ако не сме способни да ја одржиме таа влада. Срам за сите нас ќе биде ако институциите ги блокираме ние самите и некој треба да доаѓа од надвор да ни ги отчепува чеповите и клиповите што ние ги поставуваме во функционирањето на тие институции. Работете на тоа, имате поддршка и дотогаш додека го покажувате тоа ја имате таа поддршка. Штом ќе почнете да го покажувате пак спротивното ќе ја немате таа поддршка и тогаш господ напомош и самоорганизираниот народ со сите последици од тоа.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата дами и господа пратеници, почитувано велико свештенство,

Еден долго очекуван расплет во Собранието и во политичката сцена во Република Македонија кое што е поврзано со кризата која веќе подолго време ја зафати Република Македонија на повидок е нејзино окончување и очекувањата од овaa широка коалиција која што денеска треба да се случи односно вечерва навистина се големи.

Стравот, како што некој се обиде да го претстави дека владее само кај албанското население мислам дека не е реално и оценувам дека таков страв владее кај сите разумни граѓани на Република Македонија, затоа што од моментот кога човек ќе се соочи со стравот веќе преставува тој да постои, како што се покажува и во самата околина на Липковските села каде што граѓаните соочени со стравот веќе отрпнаа од тој страв и не реагираат на апелите на безбедносните сили на Република Македонија да се повлечат од реоните опфатени со вооружените конфликти. Така што мислам дека стравот ни е заеднички на сите нас кои што живееме во оваа држава и за среќа сметам дека ние заеднички уште една друга работ, обидите на сите нас кои што живееме во оваа држава се да ја спасиме Република Македонија. Сите кои што на ваков начин се однесуваат кон сето ова што се случува, кои што сметаат дека само со примена на сила, со демонстрирање на агресивност ќе ги решат проблемите мислам дека длабоко грешат а доказ за тоа е и самото однесување на политичките субјекти на Република Македонија, кои што изгледа дека сфатија дека ова што се случува во Република Македонија во овие тешки денови може да се реши само на еден начин со дијалог по мирен пат, со разговори, кои што иако првобитно претставниците на вооружените групи на УЧК кои што се произнесуваат на една ваква политичка одлука против една широка коалиција мислам дека кога се произнесуваат на тој начин најверојатно постои сомнеж кај сите нив дали оваа широка коалиција, дали политичките субјекти во Република Македонија ќе имаат храброст,смелост да излезат на крај со предизвиците пред кој што стоиме сите ние заедно.

Доколку оваа широка коалиција нема за цел само да ги замагли вистинските напори кои што треба да се направат односно доколку немаат за цел првенствено да им дадат поддршка на големите дејствија, а, во втор план да ги стават напорите по мирен пат, со разговори да се решат проблемите тогаш и јас изразувам сомнеж на крајниот исход од целата оваа операција. И обратното. Доколку навистина се случи оваа широка коалиција односно сите ние заедно во Парламентот во Владата и целото општество во Република Македонија сериозно да се нафати со решавање на овие проблеми и за кратко време да излеземе од овој лавиринт во кој што се најдовме, мислам дека главниот политички адут кој што го користи она ќе им го избиеме од рацете Тогаш навистина ќе остане многу малку простор за политичка манипулација. Тогаш, навистина доколку не се исполнат овие очекувања на обичниот народ дека оваа коалиција ќе ги реши проблемите се плашам дека ќе влеземе во уште подлабока криза.

Но, сепак да повторам уште еднаш, тоа што го кажав, надежите дека нема да се случи тоа, надежите на обичниот граѓанин, на сите граѓани на Република Македонија дека ова ќе биде почеток на разрешуваше на кризата се големи и верувајте како Албанците така Македонците ја очекуваат завршницата од оваа седница со надеж дека веќе утрешниот ден ќе донесе нешто ново и подобро се надевам.

Но, истовремено сакам да укажам и на некои појави за кои што сметам дека треба да се маргинализираат од двете страни, и од албанската и од македонската страна, а пред се мислам на некои појави кои што на почетокот на оваа криза ги имавме и за кои мислам дека многу контрапродуктивно делуваат. Тоа е појавата на разни подбуцнувачи од типот на Љубомир Фрчковски кои што со нивните сценарија, сите сме убедени кои што размислуваме и го познаваме него и таквите дека таквите сценарија ги прават по нарачка и веднаш се пласираат во медиумите и тоа ударно неколку пати на ден, неколку дена по ред. Мислам дека таквите нешта треба да се избегнуваат и да се даде предност на луѓето кои што имаат поинакви сценарија кои што можат да влијаат смирувајќи кај народот, а се разбира и кај нас политичарите, затоа што и ние како политичари сме поврзани со народот и тоа што се пласира таму индиректно влијае и кај нас. Навистина овие луѓе треба да се маргинализираат и да не им се даде простор во медиумите да ги шират своите верзии за катаклизмите низ

кои што евентуално може да помине Република Македонија.

И, како домашна задача за Министерството за внатрешни работи инт за безбедносните сили  мислам дека треба да биде престанокот на едни опасни појави кои што во последно време  се случуваат, тоа е исчезнувањето на лицата од страна на полициски сили кои што, на некој начин граѓаните тврдат дека ги киднапираат одредени видни Албанци кои понатаму не се знаат во која полициска станица се, каде се движат што се случува со нив. Такви случаи има многу и мислам дека сите тие брзо и итно треба да се расчистат, да се запознаат нивните роднини семејството каде се наоѓаат што се случува, кои се обвинувањата што се подигнати против нив, ако како такви постојат, и се разбира да се престане со секаков вид малтретирање на граѓаните кои што во многу случаи се однесуваат на секојдневната работа која ја извршуваат полицајците а поврзана со задржување на граѓаните, нивно малтретирање, приведување до полициските станици, задржуваше без никаков изговор и многу често тоа знае да трае и по неколку дена.

На крајот да завршам со тоа дека навистина тоа што го кажав на почетокот, мислам дека очекувањата се големи и вие кои што решивте, односно сите ние што решивме на некој начин да му дадеме шанса на мирот не треба да ја испуштиме оваа шанса и треба да излеземе од оваа работа како победници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, господине претседателе на Владата, почитувани дами и господа,

Сите овде сме дел на политичката карта на Република Ма-кедонија, кои сме овде внатре во Собранието дел и затоа јас овде нема да зборувам во име на народот, или нарцисоидната да зборувам дека сите вие не чините, јас сум најдобриот. Сите вие сте најпрљави, јас сум најчистиот итн.

Ова го кажувам бидејќи оваа седница мислам дека има формален карактер бидејќи консултациите и анализите помеѓу политичките партии веќе се направени, и тоа многу сериозно, и исцрпени се сите дилеми и анализи околу кризата и излегување од неа.

Исто така за да го избегнам вокабуларот на некои мои колеги, со кои вокабулар не се согласувам, затоа што беа спротивни со декларацијата на ова Собрание ќе се обидам многу кратко да ги искажам нашите ставови со кои е информирана нашата партиска инфраструктура.

ДПА влегува во оваа коалиција бидејќи е свесна дека нема друга алтернатива. Другото сценарио, надвор од оваа коалиција е воведувањето на воена состојба која сигурно ќе не внесе во непредвидливи ситуации со незамисливи последици за цивилното население. Свесни за ова ние прифативме да бидеме на страна на граѓаните и во никој случај да преземеме одговорност за таквите страшни сценарија.

"Земајќи ја предвид актуелната состојба која бара итно решение ние влегуваме во оваа коалиција токму заради потребата од нивно решаваше. Во конкретната ситуација наше неучествување во овој политички процес директно би значело и прифаќање на тезата со која би придонеле за крајно нарушување на односите со највлијателните меѓународни фактори, бидејќи зад оваа коалиција ја поддржуваат и цврсто стојат Европската Унија, НАТО, САД и за нас многу важно Албанија и политичкиот фактор во Косово.

Ние, исто така не сакаме од оваа трагедија да создаваме терен за политичко поентирање, кое секако како такво би било на штета на нашите граѓани. Јас ќе се обидам многу кратко со три црти да ги искажам приоритетите на оваа влада.

Прво, сите активности за прекин на огнот. Второ, интензивирање на дијалогот за елиминирање на сите мотиви! кои предизвикуваат меѓуетничка толеранција и конфликти.

Трето, враќањето на раселените лица и широка хуманитарна активност за санирање на последиците од воените дејствија.

Поради овие причини, покажувајќи големо чувство на одговорност ДПА не сака да ја пропушти шансата што е пред нас и пред сите граѓани на оваа држава за надминување на овие тешки моменти со изнаоѓање трајно решение прифатливо за сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе на Собранието Стојан Андов, почитуван господин премиер, почитувани господа министри, почитувана екселенција, почитувани гости кои сте поканети денеска во Собранието, почитувани пратеници колеги и сите кои се присутни овде ги поздравувам.

Јас како пратеник од Партијата на Сојузот на Ромите и претседател на Сојузот на Ромите искажувам дека ромите, нормално и јас давам полна поддршка од Собранието и партијата за оваа денешна влада, за оваа коалиција што се прави, ние и досега бевме во коалиција со Владата како Сојуз на роми и си остануваме и потполна поддршка имате од нас ромите. Ние, ромите сме лојални граѓани на Република Македонија и сме само за мир на Република Македонија. Нека ни е со среќа и да прекине војната, да не гине народот, да не гине ништо во интерес на Република Македонија.

Полна поддршка имате од Сојузот на ромите и од мене во Република Македонија, во името на ромите и од мене како пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам.

Ваше блаженство, господине претседател, дами и господа пратеници,

Јас се откажав да учествувам во дискусијата, но со оглед на дискусиите што ги слушнав има два три елементи за кои не можам да премолчам.

Најнапред, сепак на Балканскиот полуостров се судираме со расизам. Ние во Република Македонија на никаков начин не се однесувам кон Албанците како што русите се однесуваат кон Чечените. Не е битно колку, е минорна таа партија, чиј претставник тоа го изнесува овде во нашиот Парламент, но важно е тоа да се каже. Тоа е едно.

Друго, не станува збор исклучиво за линија на судир меѓу Македонците и Албанците во Република Македонија. Заради намалување на тој судир или негова елиминација ќе се формира голема коалиција. Не, ценети мои колеги, во Република Македонија останатите националности имаат подеднакво право да бидат сослушани, па и застапени во владата.

Јас овој пат не видов такви напори и можеби тоа е еден недостаток.

Трето, господине претседател на Собранието сакам сериозно да ви укажам на тоа дека неадекватни прилози во расправата не можат да бидат составен дел на записите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот премиер Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Господине претседателе, да ги информирам пратениците дека коалиционот партнер во Владата - ПДП ни достави нови предлози за нивни министри. Претпоставувам дека писмениот предлог го имате добиено меѓутоа би сакал и усно да се обратам.

Значи, по бараше на ПДП како коалиционен партнер наместо господинот Абдурахман Алити ќе биде господинот Ќемал Муслиу, министер без ресор, а наместо господинот Насер Зибери ќе биде господинот Иџет Мемеди - министер за правда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Со ова е комплетиран предлогот.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Преминуваме на избор на Влада на Република Македонија. Ги молам пратениците, кои се уште надвор да влезат во салата и да си седнат на своите места, бидејќи минуваме на гласање.

Картички кои немаат, да си ги земат картичките.

Предложениот состав на Владата го ставам на ....

(Процедурално за збор се јави господинот Данило Глигоровски).

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Извинете господине претседателе, но имам процедурална забелешка.

Претседателе овде имаме прво предлог за разрешување а потоа за назначување.

Прво, треба да гласаме за разрешување а потоа за именување

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе објасниме, нема процедурални пропусти.

Бидејќи е нов состав на Влада, се избира нов состав на Влада, а потоа кажуваме кои се со тоа разрешени.

Одиме по постапката која е проверена, применувана повеќе пати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Предложениот состав на Влада го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 107 пратеници. Од тоа 102 пратеници гласаа за.

Молам, има двајца без копчиња за гласање. Значи, гласаа 109 пратеници, од тоа 104 за, четворица пратеници беа воздржани и еден пратеник гласаше против?

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

(Аплауз)

За претседател на Владата на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски.

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

д-р Владо Бучковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

Љубе Бошковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

Иџет Мемети, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда, Илинка Митрева, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

Никола Груевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

Бесник Фетаи, за министер кој ќе раководи со Министерството за економија.

Марјан Горчев, за министер кој ќе раководи со Министерствово за земјоделство, шумарство и водостопанство.

д-р Петар Милошевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

д-р Ненад Новковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука,

Бедредин Ибрахими, за министер кој ќе раководи со Министерствово за труд и социјална политика.

Фаик Аслани,за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа

Ганка Самоиловска - Цветанова кој ќе раководи со Министерството за култура.

Љупчо Балковски, кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски,

д-р Владимир Џебирски, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

За министри без ресор се избрани:

Зоран Крстевски, Џевдет Насуфи, Илија Филиповски, и Кемал Муслиу.

Констатирам дека со изборот на Владата на Република Македонија на членовите на Владата од претходниот состав што не се избрани им престанува функцијата.

Ги молам, претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава)

Ве молам, да станеме.

(Претседателот на Собранието станува)

(Стануваат сите пратеници)

Ги молам претседателот на Владата и министрите да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам претседателот на Владата и министрите да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Претседателот на Владата и министрите го потпишуваат текстот на свечената изјава)

Дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата Љупчо Георгиевски и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено дозволете ми да им заблагодарам на досегашните министри кои не се избрани во новиот состав на Владата за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Минуваме на точка 2.

Предлог за именување заменици на министри во Владата на Република Македонија.

Предлогот за разрешување на заменици на министри и Предлогот за именување заменици на министри, Ви се поделени.

Ве потсетувам дека именувањето на заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по предлогот во целина со јавно гласање.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 106 пратеници, од кои 101 пратеник гласале за, 5 пратеници гласале воздржано, и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Врз основа од резултатите на гласањето констатирам дека Рефет Елмази, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Зоран Теофиловски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Мухамед Халили, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи.

Петар Дуљанов, е именуван за заменик на Министерот кој раководи со Министерството за финансии.

Зоран Витанов, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Јован Дамчевски, е именуван за заменик на Министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Мухарем Неџипи, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

Саби Хасани, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

Ристо Георгиев, е именуван за заменик на Министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Петре Трајковски, е именуван за заменик на Министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Елеонора Петрова Митевска е именувана, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Томе Тромбев, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Марјан Додовски, е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Дозволете ми од мое и ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

Констатирам дека со именувањето на заменици министри, на замениците на министри од претходниот состав што не се именувани им престанува функцијата.

Минуваме на точка 3.

Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Согласно одредбите на привремениот Деловник на Собранието, бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по Предлог од претседателот на Собранието.

Согласно постигнатиот договор со координаторите на пратеничките групи и претставниците на политичките партии застапени во Собранието предлагам Собранието да има четири потпретседатели.

Отворам претрес по овој предлог.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 99 пратеници, од кои 91 гласале за, 8 се воздржале, а ниту еден пратеник не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Констатирам дека Собранието утврди да има четири потпретседатели.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидати за уште двајца потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во сала број 81.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Значи, ќе одиме со законот, а сега гостите да ги ослободиме и предлагам една пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи во 23,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Додека да биде отчукана одлуката што ни ја предлага Комисијата за избори и именувања, предлагам да преминеме на точката 5.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година, со Предлог на закон.

Предлогот ви е доставен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор претставникот на Владата.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, имајќи ја во предвид потребата од презакажување, односно утврдување на нови термини за непосредно спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година, Владата на Република Македонија предлага овој закон да се донесе по итна постапка и предлага само изменување на еден член т.е. продолжување на рокот за одржување на пописот. Бидејќи се работи за мала измена, односно техничка, Владата предлага Собранието да го усвои предлогот на Владата, овој закон да го донесе на иста седница т.е. по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 97 пратеници, 84 за, 7 воздржани и 6 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Преминуваме на претрес по Предлогот на законот.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 94 пратеници, 81 пратеник гласал за, 6 пратеници гласале воздржано и 7 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година.

Минуваме на точката 4 - Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Ако се согласувате предлогот на Комисијата да ни го прочита претседателот на Комисијата, а ќе биде и поделен.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на својата 61-ва седница согласно претходно донесената одлука за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 21 од привремениот Деловник на Собранието на Република Македонија утврди Предлог одлука за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија. Со Предлог одлуката покрај досегашните потпретседатели Томислав Стојановски и Илјаз Халими, за потпретседатели на Собранието на Република Македонија се предлагаат да се изберат Звонко Мирчевски и Оломан Сулејмани, пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлог одлуката усвоена од Комисијата ќе ви се подели во меѓувреме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Предлогот на кандидати за потпретседатели на Собранието.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседатели со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Преминуваме на гласање.

Предлогот пратеникот Звонко Мирчевски да биде избран запотпретседател наСобранието

на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 99 пратеници, 88 за, 8 пратеници гласале воздржано, 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека пратеникот Звонко Мирчевски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот пратеникот Оломан Сулејмани да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 101 пратеник, 93 пратеници гласале за, 7 пратеници гласале воздржано и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека пратеникот Оломан Сулејмани е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Ги молам потпретседателите на Собранието да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава).

Ве молам да станеме.

(Претседателот на Собранието станува).

(Стануваат сите пратеници).

Ги молам потпретседателите на Собранието да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

Текстот за свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам потпретседателите на Собранието да го потпишат текстот на свечената изјава.

На потпретседателите им го честитам изборот и им посакувам успешна работа во вршењето на функцијата.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 23,30 часот.)